СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

Бр. 08-665/1
12.05.2021 година
С к о п ј е

До
Мила Царовска, министерка за
образование и наука

С к о п ј е

Предмет: Мислење по Предлогот на Закон за стручно образование и обука

Почитувани,

Стопанската комора на Северна Македонија како парнер во образованието во рамките на своите надлежности и доставените забелешки од компаниите-членки што ги застапува дава свое мислење и забелешки во врска со предложениот текст на Законот за стручно образование и обука.

Комората уште во 2019 година бараше измени на Законот, со цел поголема функционалност на стручното образование и обука за усогласување на понудата и побарувачката на вештини на пазарот на труд и обезбедување стручен кадар за потребите на компаниите, системско уредување на дуалниот модел на образование и прецизирање на недореченостите во делот на реализацијата на практичната обука.

Предлог текстот на новиот Закон за стручно образование и обука наместо да го направи Законот по функционален и полиберален во однос на прецизирање на улогите: образовниот процес да биде во надлежност на образовните институции, а реализацијата на практичната обука во надлежност на Коморите како мост помеѓу образованието и реалниот сектор, низ Законот е видлива централизирана улогата на министерството за образование и наука во целиот процес на стручното образование и обука, а запоставена улога на Комората во реализацијата на практичното образование, посебно во делот на дуалното образование. Улогата на Комората повеќе е техничка, отколку што врши суштествена работа.

Улогата што ја имаше Комората во донесување на одредени документи и стандарди во постоечкиот Закон за стучно образование и обука со новиот Закон е иземена како што е: „Стандардите за опремата и просторните услови од ставот 1 на овој член ги изготвува Центарот, а ги донесуваат коморите за својата област; Стандардот за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачите го изготвува Центарот, а го донесуваат коморите по претходно позитивно

Димитрие Чуповски 13, 1000 Скопје * Република Северна Македонија * П.Фах 324 * Телефон: (02) 3244000 * Факс: (02) 3244088
Dimitrie Cupovski 13, 1000 Skopje * Republic of North Macedonia * P.O.Box 324 * Phone: + 389 2 3244000 * Fax: + 389 2 3244088
E-mail: ic@mchamber.mk * http://www.mchamber.mk

мислење на Министерството“ или пак „Содржината, формата и процедурата на потпишувањето на договорот за обука се утврдува од коморите“ и е префрлена во надлежност на Министерството и тоа во време кога уште повеќе треба да се зајакне партнерство и соработка на Комората и образовните институции кое со години со многу труд се градеа.

Според податоците на Еурочемберс (Асоцијација на европските трговски и индустриски комори), 80% од коморите се вклучени во образованието и обуката, што дава јасна слика дека се разбира потребата од нивна вклученост во стручното образование и обука за обезбедување адекватен млад кадар со релевантни вештини кој ќе може брзо да се вработи и ќе биде способен да одговори на новите предизвици. Тоа значи дека коморите како мерка за степенот на развиеност на пазарната економија се активни учесници во стручното образование и обука и на содржинско ниво и на оперативно ниво. На содржинско ниво учествуваат во креирање, развој и спроведување на политиките во стручното образование и обука, додека на оперативно ниво, во испораката на практичната обука во компаниите преку реализација на програмите за учење преку работа, обука на ментори во компании и верификација на компании за практична обука на ученици, што е клучно за подготовка на младите луѓе во светот на работата и јакнење на капацитетите за човечки ресурси.

За реализацијата на практичната обука кај работовач, односно за учењето преку работа, Стопанската комора на Северна Македонија со својот потенцијал со години наназад презема активности за подигање на свеста кај работодавачите за подготовка на учениците за работа и обучување на сопствен кадар преку реализација на практична обука на учениците, а моделот за дуалното образование како најсоодветно решение и можност за обезбедување на стручен кадар за сопствените потреби на компаниите го заговараше уште во 2014 година и активно работеше на терен меѓу своите компании-членки.

Со новиот Закон за стручно образование и обука улогата на Комората посебно во делот на дуалниот модел на образование никаде не е спомената.

Истовремено, една од активностите, а тоа се обуките на ментори, кои со постоечкиот Закон за стручно образование и обука ги организираше Комората, а се основ за верификација на работовачот за релизација на практичната обука на ученици, со новиот Закон е префрлена и на други институции кои би се лиценцирале за тој процец. Овој процес, на кој Комората работеше повеќе од 6 години за да се воспостави и успешно да функционира, а од друга страна и да биде прифатен од работодавачите, се покажа како добра пракса и досега Комората од околу 620 ментори има верифицирано околу 350 ментори. За појаснување, би спомenале, како добра практика каде комората ја реализира обуката на ментори во компании за реализација на практичната обука на учениците, е Србија, каде успешно се имплементира дуалното образование преку взаемна соработка на комората и образовните институции. Дополнително во Австрија и Германија, земји со долгогодишна традиција на функционирање на дуалното образование, коморите го вршат сертифицирањето на менторите, преку организацијата за полагање испит за ментори во Комората. Сертификатот што го добиваат го издава самата Комора.

Иземена е и улогата на коморите да учествуваат во комисиите за завршните испити во стручното образование и обука преку свои преставници работодавачи кои се компетентни во проверката на практичните знаења на учениците што беше регулирана во постоечкиот Закон, а претставува пракса во развиените европски земји со долга традиција на стручно образование: Австрија, Германија, Чешка, Унгарија, Луксембург.

Во новиот Закон за стручно образование и обука во кој се регулираше дуалното образование, неможе да се забележи разликата помеѓу дуалниот модел на образование и учењето преку работа, односно никаде не е објаснето што значи учење преку работа.

Истовремено компаниите укажуваат дека со предложениот текст на Законот се зголемени обврските со кои се задолжуваат, а со тоа и предвидените глоби за неисполнување на нивните обврски, што дополнително ќе се одрази на финансискиот аспект на компаниите, посебно на малите и средни компании и може да предизвика спротивен ефект во вклучувањето на работодавачите во реализацијата на практичната обука.

КОНКРЕТНИ ЗАБЕЛЕШКИ:

Член 3, точка 3) гласи:

„3) Дуално образование е модел на стручно образование каде што образовните процеси задолжително се реализираат на две места: во установа за стручно образование и обука и кај работодавач;“

Забелешка: Да се предвиди исклучок од задолжително во услови на постоење на „виша сила“ или истото да биде наведено како задолжителен елемент во насока на член 25 од Предлог-законот.

Член 3, точка 12) гласи:

„12) Практично образование е збир на активности за стекнување знаења, вештини и способности за вработување, кое се организира како практична настава, учење преку работа, феријална практика и практична обука во установа за стручно образование и обука и кај работодавач;“

Забелешка:

- Да се објасни терминот учење преку работа и да се прецизира обемот на учење преку работа кој би изнесувал од 20-40%, што би се разликувало од дуалниот модел на образование
- Да се усогласат термините, имајќи предвид дека учење преку работа и обука кај работодавач имаат исто значење.

Член 8, став (4) гласи:

„(4) Учениците со стекната квалификација од II (второ) ниво од МРК се вклучуваат на пазарот на труд или своето образование можат да го продолжат во соодветно стручно образование за III (трето) или IV

(четврто) ниво од МРК или VБ (петто Б) ниво од МРК за мајсторско образование.“

Забелешка: Зборовите „мајсторско образование“ треба да се заменат со зборовите „образование за мајстор“ и да се предвиди дека условите за стекнување на ова образование ќе се пропишат со посебен правилник.

Член 8, став (8) гласи:

„(8) Во стручно образование за квалификации од IV (четврто) ниво од МРК се вклучуваат ученици кои завршиле основно образование односно I (прво) ниво од МРК.“

Забелешка: Да се дополни дека и за лицата со стекнато II и III ниво на квалификации од МРК можат да се запишат во IV ниво квалификации под услови пропишани со посебен Правилник.

Член 9, став (1) гласи:

„(9) Во постсредно образование во прва година можат да се запишат лица кои имаат завршено стручно образование на III ниво од МРК или образование на ниво IV од МРК, согласно со пропишаните услови.“

Забелешка: Да се прецизира дека условите ќе бидат пропишани со посебен Правилник.

Член 10, став (1) гласи:

„(1) Начинот и постапката за преминување помеѓу II (второ), III (трето) и IV (четврто) ниво од едно во друго ниво на квалификации во стручното образование и обука ги пропишува министерот за образование и наука (во натамошниот текст: министерот) на предлог на Центарот за развој на стручното образование (во натамошниот текст: Центарот).“

Забелешка: Наместо зборот „пропишува“ треба да стои зборот „донесува“, со оглед дека истите се на предлог на Центарот за развој на стручното образование.

Член 11, став (2) гласи:

„(2) Плановите за сите видови и нивоа на стручно образование и обука ги утврдува министерот, на предлог на Центарот, односно на предлог на основачот на приватната установа, а во согласност со Бирото за развој на образованието (во натамошниот текст: Бирото).“

Забелешка: Предлогот треба да го дава Центарот за СОО, поради што се предлага зборовите „односно на предлог на основачот на приватната установа“, да се бришат.

Член 11, став (9) гласи:

„(9) Компонентите на образовните програми од ставововите (1), (5) и (7) на овој член, до Центарот, можат да предлагаат општините, односно Градот Скопје, училишта, работодавачи, установи и други правни лица за задоволување на нивните посебни потреби (преквалификации, доквалификации и слично)."

Забелешка: Преквалификацијата и докфалификацијата не се дел од образовна програма, поради што треба да се бришат.

Член 13, став (1) гласи:

„(1) Учениците кои положиле завршен испит за квалификации од II, III и IV ниво од МРК, по завршувањето на образованието можат директно да се вклучува на пазарот на трудот."

Забелешка: Да се дополни и постсредно образование или VБ ниво од МРК. Со полагање на завршниот испит да не се ограничува можноста на ученикот да продолжи во постсредно образование. Условите за упис треба да ги пропише самата установа која нуди постсредно образование.

Член 14, став (2) гласи:

„(2) Испитните програми за специјалистички испит ги предлага установата во која се реализира специјалистичкиот испит, по претходно мислење од Центарот, а ги утврдува министерот."

Забелешка: Зборот „утврдува" треба да се замени со зборот „одобрува".

Член 15, став (3) гласи:

„(3) Во установите во коишто се изведува практично образование за учениците се води и педагошка евиденција за изведување на практичната настава, учењето преку работа кај работодавач, практична обука и феријалната практика."

Забелешка: Да се прецизира кој води педагошка евиденција, дали образовните установи или компаниите.

III. ДУАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ – Генерално во делот за дуалното образование ја нема видливоста и учеството на Комората. Идејата за воведување на дуалното образование како најфункционален начин на спојување на образованието и стопанството во насока на усогласување на понудата и побарувачката за обучување на стручни кадри што им се потребни на компаниите ја заговараше првично Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ) и работеше на терен да ги поттикне компаниите за реализација на практичната обука за учениците уште во 2014 година. Иницијативата за дуално образование работодавачите преку Комората треба да ја доставуваат

до МОН и ЦСОО, а Комората да помогне во олеснување на процесот, како што е во примерот со Германија и Австрија и Србија.

Член 16, став 1, точка 1) гласи:

„Клучни принципи во дуално образование се:
1) задолжителна реализација на образовната програма на две места: во установа за стручно образование и обука и кај работодавач,“

Забелешка: Да се дополни со прецизирање дека обемот на практична обука во дуалното образование би изнесувал од 30% - 50%, со што ќе се направи разлика со учењето преку работа.

Член 16, став 1, точка 3), гласи:

„Клучни принципи во дуално образование се:
3) поголема слобода на установата за стручно образование и обука и работодавачот во определувањето на стручните вештини кои ќе ги развиваат кај учениците, како и времето и начинот на кој тоа ќе го направат.“

Забелешка: Да се дефинира терминот „поголема слобода“ со цел да се прецизира неговото значење.

Член 17, став (3), точка 4) гласи:

„ (3) Моделот на наставен план за дуално образование од став (2) од овој член е однапред дефиниран и содржи:
4) минимален и максимален обем на вкупно време предвидено за практично образование кое задолжително се реализира кај еден или повеќе работодавачи и/или во рамките на програми за меѓународна мобилност со цел практична обука и/или пак дел од практичното образование може да се реализира во центри за обука заеднички за повеќе работодавачи.“

Забелешка: Точка 4 треба да биде дообјаснување на точката 3 во делот за практичното образование. Тоа не е дел од моделот.
Член 18, став (1) гласи:

„(1) Иницијатива за реализација на квалификација со примена на дуално образование, може да поднесе работодавач, установа за стручно образование и обука, општина или град Скопје, стопанска комора, асоцијација или друга заинтересирана страна. Во инцијативата треба да биде образложена потребата од нова квалификација, или ревидирањето на постојана квалификација.“

Забелешка: Потребно е да се прецизира до кога треба да се поднесе иницијативата. Се Предлага до мај тековната година за да можат да се подготват сите потребни документи до декември, за конкурсот за идбната учебна година кој се објавува во март следната година.

Член 18, став (6) гласи:

„(6) Иницијативата од ставот (1) на овој член се доставува до Центарот, кој се произнесува по иницијативата во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.“

Забелешка: Да се дополни и до Стопанската комора на Северна Македонија (СКСМ).
Социјалното партнерство помеѓу образованието и деловната заедница бара поголема соработка со Коморите. Како сериозна огранизација која активно се занимава со образованието за обезбедување кадар, мислење за иницијативата за воведување на нова квалификација треба да биде доставено и до СКСМ (досега постоеше пракса каде според барањата на компаниите СКСМ даваше мислење до МОН и училиштата за отворање на паралелки во училиштата за нови квалификации).
Во стручното образование треба да се направи повидлива да биде соработката која со години СКСМ ја гради со компаниите и училиштата. Исто така, да се прецизира што во случај доколку не се произнесе во предложениот рок, дали тоа би значело дека иницијативата се смета за прифатена и е одлучено позитивно?

Член 18, став (7) гласи:

„(7) Инцијативата за која Центарот дал позитивно мислење, се доставува на одобрување на министерот, кој се произнесува во рок од 30 дена од денот на прием на позитивното мислење“

Забелешка:
Да се прецизира во случај доколку министерот не се произнесе во предложениот рок, дали тоа би значело дека иницијативата се смета за прифатена и е одлучено позитивно?

Член 18, став (8), точка 4) гласи:

„(8) При давање на мислење за оправданоста на иницијативата, Центарот во предвид ги зема следните основни критериуми:
4) можноста за проширување на иницијативата за соработка на други училишта и со други работодавачи.“

Забелешка:
Ова не може да биде фиксен критериум од причина што одредена иницијатива за воведување и изучување на нова квалификација преку дуално образование може да има ексклузивен, голем, значителен обем за една компанија (на пример голема компанија во одреден град со специфична уникатна дејност), а да нема примена за други училишта во друг регион или за други компании.

Член 21, став (2), точка 1) гласи:

„(2) Ученикот има обврска:
1) активно да учествува во процесот на практично образование,“

Забелешка:

- Во точка 1) да се дополни и со „редовно“ учество на ученикот;
- По точка 1) да се додаде нова точка 2), која да гласи:

„2) Да соработува со менторот и останатите вработени каде го реализира практичното образвание;“

Член 22, став (1), тока 1) гласи:

„ (1) Работодавачот има право:
1) да покрене иницијатива за соработка со установа за стручно образование и обука за реализација на дуално образование;“

Забелешка: Се предлага точката 1) да биде точка 2) , а точка 1) да гласи:
„1) Да учествува во планирањето на реализацијата на учењето преку работа и феријалната практика;“

Член 22, став (1), точка 2) гласи:

„(1) Работодавачот има право:
2) да учествува во изработка на нови или ревизија на постојни квалификации и изготвување потребна документација за дуално образование заедно со установата за стручно образование и обука;“

Забелешка: Се предлага пред точката 2) да има нова точка која да гласи:
„да учествува во изработка на нови или ревизија на постојни квалификации и изработка на образовни програми во стручното образование и обука“.

Член 22, став (1), точка 3) гласи:

„ (1) Работодавачот има право:
3) доколку има потреба да учествува во изборот на ученици кои ќе се запишат во прва година во дуално образование, на начин утврден со член 20 од овој закон;“

Забелешка: Се предлага делот „кои ќе се запишат во прва година“ да биде дополнет и со другите години од образовниот процес (втора, трета, четврта), откога ќе започне реализацијата на дуалниот модел на образование.

Член 22, став (1), точка 5) гласи:

„ (1) Работодавачот има право:
5) да се стекне со финансиски, царински и даночни олеснувања и други придобивки пропишани с озакон, доколку е вклучен во практичното образование на ученици;“
Забелешка: Да се прецизираат олеснувањата (кои средства влегуваат во олеснувањата, дали надоместокот на учениците, дали се зема во предвид опремата која се набавува за реализација на обуката, процентот на олеснување), критериуми како ќе се регулираат

олеснувањата (број на ученици во компанијата, број на часови во компанијата, трошоци на репроматеријали и сл.) и да се предвиди измена на законите кои ја регулираат соодветната област.

Член 22, став (1), точка 6) гласи:

„ (1) Работодавачот има право:
6) да биде промовиран од страна на училиштето со кое соработува и државата за неговото вклучување во практичното образование и"

Забелешка: Се предлага да се брише оваа точка, од пришини што истото нема потреба да стои во закон.

Член 22, став (2), точка 5) гласи:

„(2) Работодавачот има обврска:
5) да обезбеди здравствени прегледи за учениците кои реализираат практично образование, посебно за специфични квалификации"

Забелешка: Реализацијата на здравствените прегледи бара дополнителни средства од работодавачот што не смее да се наметне како обврска. Ова треба да се регулира договорно во трипартитниот договор кој се потпишува со ученикот, училиштето и работодавачот.
Дополнително ваквите прегледи ги врши медицина на трудот, додека учениците подлежат на училишна медицина каде им се вршат систематски прегледи. Во таа смисла треба да се допрецизира дека „здравствени прегледи" се однесува на предгледи кои ќе се вршат од страна на медицина на трудот, и ќе бидат во согласност со дејноста на компанијата, да се направи дистинкција помеѓу наведените прегледи и задолжителните прегледи кои редовно ги спроведува образовната институција.

Член 22, став (2), точка 6) гласи:

„(2) Работодавачот има обврска:
6) да се грижи за редовност на ученикот во практичното образование и исполнување работните обврски;

Забелешка: Да се утврдат мерки за ситуации кога нема редовност на ученикот (дали можеби се сметаат за изостаноци?).

Член 22, став (2), точка 7) гласи:

„(2) Работодавачот има обврска:
7) во дуалното образование да обезбеди надоместок за ученичката работа во согласност со овој закон;"

Забелешки: Да се појасни дали станува збор за „ученичка обука" или „ученичка работа" и да се дефинира терминот „ученичка работа".

Член 22, став (2), точка 10) гласи:

„(2) Работодавачот има обврска:

10) да обезбеди превоз на ученикот од училиштето до работното место и храна или да обезбеди надомест за превоз и храна"

Забелешка: Сметаме дека ова треба да се уреди во Договорот, а не да биде обврска, затоа што малите компании нема секогаш да бидат во состојба да ја исполнат оваа обврска, што ќе придонесе да не ги прифаќаат учениците.
Воедно, се предлага ова да биде обврска на општината или Градот кои обезбедуваат бесплатен превоз и одењето на практична обука да биде опфатено со бесплатниот превоз.

Член 22, став (2), точка 12) гласи:

„(2) Работодавачот има обврска:
12) да го штити ученикот од секаков вид злоупотреба;"

Забелешка: По зборот ,,злоупотреба" да се додаде „ за време на реализација на практичното образование кај работодавачот"

Член 22, став (2), точка 13) гласи:

„(2) Работодавачот има обврска:
13) да обезбеди услови за проверка на знаења и вештини на учениците;"

Забелешка:
- Да се дополни дека и менторите во компаниите треба да учествуваат во финалната оценка на учениците за практична обука;
- Да се прецизира што се подразбира под „услови за проверка на знаења и вештини на учениците".

Член 22, став (2), точка 15) гласи:

„(2) Работодавачот има обврска:
15) да ги вклучи наставниците во обуките за вработени кои се поврзани со практичните вештини на учениците кои се стекнуваат кај работодавачот;"

Забелешка: Оваа точка треба да биде право на компанијата, а не обврска, затоа што тоа создава дополнителен трошок на работодавачот.

Член 22, став (2), точка 16) гласи:

„(2) Работодавачот има обврска:
16) да дава материјална и/или, стручна и/или друг вид на поддршка на установата за стручно образование и обука;"

Забелешка: Целиот процес за реализација на практично образование кај работодавач е на доброволна основа и не може да му се наметне обврска на работодавачот да дава материјална помош на училиштето.

Член 23, став (1) гласи:

„(1) Работодавачот во дуалното образование има обврска во договорот од член 25 од овој закон, да утврди месечен надомест во корист на ученикот, во висина од најмалку 10% во втора година, 20% во трета година и 30% во четврта година од минималната нето плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија."

Забелешка:
- Се поставува прашањето на кој начин ќе бидат утврдени износите за парцијално-дуално образование?
- Се предлага износот за сите три години да биде најмалку 10% од минималната нето плата исплатена во претходната година во Република Северна Македонија;
- Дали и кои придонеси ќе се плаќаат за овој надоместок (доколку се смета за работа)?

Член 24, став (1), точка 1) гласи:

„(1) Права на установите за стручно образование и обука се:
1) да потпише меморандум за соработка со работодавач,

Забелешка: Да се дополни: „и да го достават до Коморите"

Член 24, став (1), точка 2) гласи:

„(1) Права на установите за стручно образование и обука се:
2) да покрене иницијатива за соработка со работодавач за реализација на дуално образование, заснована на потребите на работодавачот,"

Забелешка: Да се дополни: „и да ја достават до Коморите"

Член 24, став (2) гласи:

„(2) Обврски на установите за стручно образование и обука се:"

Забелешка: Да се дополни со нова точка која да гласи:
„Да соработуваат со коморите како претставници на реалниот сектор посебно во реализацијата на практичното образование и во барање мислење за воведување на нова квалификација."
И досега СКСМ даваше вакво мислење и го проследуваше до МОН. Со тоа се покажува дека постои добра соработка со образованите иституции и се влијае на усгласување на понудата и побарувачката на пазарот на труд за да нема хиперпродукција на кадри кои се непотребни за сметка на недостаток на кадри кои им се потребни на компаниите.

Член 24, став (2) точка 8) гласи:

„(2) Обврски на установите за стручно образование и обука се:
8) доколку неможе да вработи наставник за реализација на стручно образование и/или практичното образование, да може да ангажира лице вработено кај работодавач за реализација на стручното

образование и/или практичното образование, до крајот на учебната година.“

Забелешка: Да се дополни дека финансискиот надомест за ангажман на лице вработено кај работодавач за реализација на стручното образование и/или практичното образование, е на терет на училиштето и да се изработи Правилник како ќе реализира начинот на ангажирање и исплата.

Член 25, став (2), точки 9) и 10) гласат:

„(2) Минимум елементи на договорот од став 1 на овој член се:
9) обврски на работодавачот доколку предвремено го раскине договорот и
10) обврски на ученикот доколку предвремено го раскине договорот.“

Забелешка: Се предлага да се дополни и со одредби за заштита на компанијата од штети.

Член 25, став (4) гласи:

„(4) Министерството води база на податоци за склучени договори за практично образование со установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот.“

Забелешка: Да се предвиди дека Договорите за практична обука по потпишувањето се доставуваат до СКСМ за нивна евиденција, како што е во постојниот Закон.

Член 26, став (2), алинеја прва гласи:

„(2) Услови за стекнување со право за учество во обука за ментор:
- да има завршено најмалку постсредно образование, средно образование или мајсторски испит,“

Забелешка: Се предлага да се измени со оглед дека доволно е менторот да има завршено средно образование.
Доколку лицето има мајсторски испит тој е признат како ментор и нема потреба од дополнителна обука за ментори. Во самата програма за образованието за мајстор има модул за педагошка и дидактичка подготовка на занаетчии за практична обука на ученици за работно место.

Член 26, став (2), алинеја трета гласи:

„(2) Услови за стекнување со право за учество во обука за ментор:
- да има работно искуство од најмалку три години на работно место на кое се реализира практичното образование, кај истиот или друг работодавач,“

Забелешка: Доволно е да има една година работно искуство, затоа што работодавачот е тој кој ќе процени дали да го пушти на обука или не. Треба само да е вработен кај работодавачот.

Член 26, став (2), алинеја четврта гласи:

„(2) Услови за стекнување со право за учество во обука за ментор:
- да има успешно завршена обука за ментор и“

Забелешка: Овој став треба да се избрише затоа што ако има завршена обука за ментор нема потреба да учествува во обуката за ментор.
Член 26, став (2), алинеја четврта гласи:

„(2) Услови за стекнување со право за учество во обука за ментор:
- со правосилна судска пресуда да нему е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност“

Забелешка: Ова барање уште повеќе финансиски и административно го оптеретува работодавачот.

Член 27, став (3) гласи:

„(3) На лицето кое има успешно завршено обука за ментор, му се издава сертификат и се запишува во Регистерот на ментори за практично образование кај работодавач, кој го води Центарот.“

Забелешка: Регистарот за ментори треба да го водат коморите како што е сега согласно постојниот Закон. На тој начин Коморите имаат прегледност за менторите и ги поттикнуваат работодавачите да се верифицираат.
Со тоа се зајакнува соработката и се овозможува да ги поттикнуваат работодавачите да учествуваат во процесот на образование.

Член 27, став (5) гласи:

„(5) Организатори на обука за ментори можат да бидат установи за стручно образование и обука, комори, работодавачи, синдикати и други правни лица кои ги исполнуваат стандардите и нормативите за просторни услови, кадар и опрема за организирање на обуки за ментори. Стандардите и нормативите ги утврдува министерот на предлог на Центарот.“

Забелешка: Стопанската комора на Северна Македонија, како организација која ги обединува работодавачите чии интереси ги претставува треба и понатаму да ги реализира обуките на менторите. Досега тоа се покажало како позитивен пример затоа што потписот од Комората на сертификатот за ментори им дава значење на работодавачите дека ја имаат поддршката од Комората чии интереси ги претставува.
Имено СКСМ вложи голем труд за да влијае на компаниите да се вклучат во процесот на стручното образование за да го обезбедат потребниот кадар, но истовремено и да ги почитуваат процесите на обезбедување квалитет во делот на практичната обука. Таков е примерот со Србија каде успешно функционира имплементацијата на

дуалното образование. Во европските земји како Австрија и Германија кои имаат долгогодишна традиција со реализацијата на практичното образование и дуалниот систем на образование сертифицирањето на менторите преку реализација на испитот за ментори го огранизираат Коморите. Тие го издаваат и сертификатот што покажува дека се вклучени во процесот на стручното образование.
Комората стои на ставот дека треба да бидат пропишани стандардите и нормативите што треба да бидат исполнети за реализација на обуката за ментори за коморите, но коморите да бидат единствените кои ќе ја организираат обуката.

Член 29, став (1), точка 2) гласи:

„(1) Општи услови кои треба да ги исполнува работодавачот за да може да се изведува практично образование се:
2) да не е отворена стечајна постапка над работодавачот или е покрената постапка за ликвидација и“

Забелешка: Оваа точка дополнително создава административни и финанасиски оптеретувања за компаниите, затоа што според првата точка „1) да е регистриран за вршење на дејност за која се врши практично образование;“ компаниите доставуваат соодветен документ (тековна состојба од ЦРСМ од која може да се види дека компанијата е активна).

Член 29, став (1), точка 3) гласи:

„(3) Општи услови кои треба да ги исполнува работодавачот за да може да се изведува практично образование се:
3) да има вработено најмалку едно лице ментор, запишан во Регистарот на ментори за практично образование кај работодавач.“

Забелешка: Се предлага зборот „вработено“ да се замени со зборот „обучено“.

Член 29, став (3) гласи:

„(3) Посебните стандарди за опремата и просторните услови за реализација на практично образование на ученици кај работодавачи ги изготвуваат и донесуваат коморите, во соработка со Центарот како координатор. Посебните стандарди мора да се заеднички за сите комори во Република Северна Македонија.“

Забелешка: Треба да се размисли дали сите Комори имаат ресурси да ги изготват посебните стандарди. Во постоечкиот Закон е пропишано дека стандардите за опремата и просторните услови ги изготвува Центарот, а ги донесуваат коморите за својата област.

Член 29, став (8) гласи:

„(8) Список на верификувани работодавачи, коморите го објавуваат на своите интернет страници.“

Забелешка: Во време на дигитализација и воведување на платформа за верификација на компании за практична обука листата на верификувани компании ќе биде достапна на Платформата.

Член 45, став (2) гласи:

„(2) Управниот одбор на државните регионалните центри за стручно образование и обука се состои од 11 члена и тоа: од редот на наставници 3 (три), од совет на родители на РЦСОО 2 (два), од бизнис заедница во регионот (работодавачи) согласно секторските специјализации на РЦСОО 2 (два), претставник од општината каде е сместен РЦСОО 1 (еден), претставник од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија 1 (еден), претставник од регионална комора 1 (еден), претставник од Министерство за образование и наука 1 (еден).“

Забелешка: Сметаме дека е потребно да се пропишат критериуми за членови на УО.

Член 57, став (1), точка 4) гласи:

„(1) Постсредно специјалистичко образование може да се остварува во верифицирана установа за специјалистичко образование и тоа:
4) трговец поединец;“

Забелешка: Дали постсредно специјалистичко образование може да се остварува кај трговец поединец ?

Член 65, став 1, точка 5) гласи:

„Министерството за труд и социјална политика има надлежност да:
5) ја утврдува Листата на стандарди на занимања за стручно образование и обука и ја објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“.“

Забелешка: Праксата покажа дека Стандардите на занимања се жива материја која се прилагодува на потребите на динамичниот пазар на труд и постапката на објавување на листата во „Службен весник“ го отежнува понатамошниот процес. Стандардите на Занимања се објавуваа на њеб страната на Центарот за стручно образование и обука.

Член 66, став (3) гласи:

„(3) Советот е составен од 11 члена од кои три члена се од Министерството, еден член од Бирото за развој на образованието, еден член на предлог од коморите, по еден член од министерството надлежно за труд, министерството надлежно за економија, министерството надлежно за финансии, репрезентативен синдикат од образованието, Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија.“

Забелешка: Се предлага да се дополни со дефинирани критериуми за избор на членови во Советот за стручно образование.
Исто така потребно е да се преиспита бројот на членови од МОН, со оглед дека треба да има преставник од реалниот сектор или 2 члена од коморите.

Член 70, став 1, точка 2) гласи:

„Коморите ги вршат следниве работи:
2) доставуваат предлози до Центарот за изготвување на нови стандарди на занимања и самостојно изготвува стандарди на занимање кои ги доставува до Центарот за стручно мислење;"

Забелешка: Да се додаде нова точка која да гласи: „учествуваат во комисиите за завршните испити во стручното образование и обука".

Член 70, став 1, точка 3) гласи:

„Коморите ги вршат следниве работи:
3) водат евиденција на склучени договори меѓу установите за стручно образование и обука и работодавачите за практично образование;"

Забелешка: Зборот „договори" треба да се замени со зборот „меморандуми".
Член 70, став 1, точка 6) гласи:

„Коморите ги вршат следниве работи:
6) креираат и одржуваат база на податоци (во рамките на своите членки и региони) на работодавачи каде се реализира дуално образование, практична обука, феријална практика, список на сертифицирани ментори и установи за стручно образование и обука со кои соработуваат работодавачите. Базата ја споделуваат со Министерство, континуирано ја дополнуваат и ја објавуваат на својата интернет страница;"

Забелешка: Зборовите „практична обука" да се заменат со зборовите „Учење преку работа".
Да се дополни дека базата на податоци во која ќе бидат внесени верификуваните компании, сертифицираните ментори, видот на практичното образование, слободните места во компанијата, меморандумите помеѓу работодавачите и стручните училишта ке се водат во електронска форма и ќе бидат регистрирани на порталот „praksa.mchamber.mk". Согласно член 10 став 3 од Законот за заштита на лични податоци треба да се пропише кои податоци треба да се прибираат: името и презимето на овластеното лице од страна на работодавачот и директорот кои стојат во меморандумот, името и презимето на менторот кој е сертифициран и од која компанија. Во платформата која е подготвена треба да стои и името и презимето на координаторот за учење преку работа кој ќе ги поврзува учениците и компаниите за реализација на практична обука. Податоците на учениците ќе се преземаат од ЕМИСОТ. (треба да се наведе кои потатоци ќе се преземаат: име и презиме од учениците, наставен јазик, година и квалификација која ја изучува).

Член 70, став 1, точка 10) гласи:

„Коморите ги вршат следниве работи:
10) изготвуваат анализи за потребите на пазарот на трудот на годишно ниво и истите ги објавуваат на своите интернет страни;“

Забелешка: Ова неможе да се наметне како обврска. Како самофинансирачка организација коморите имаат политика како ќе ги реализираат активностите, конкретно и активностите во врска со потребите на пазарот на трудот, меѓу кои и како ќе ги споделуваат анализите кои ги изработуваат.

Член 70, став 1, точка 11) гласи:

„Коморите ги вршат следниве работи:
11) воспоставуваат врска помеѓу работодавачите и установите за стручно образование и обука, за реализација на практично образование и водат евиденција за склучени договори или протоколи за соработка помеѓу установите и работодавачите и“

Забелешка: Зборовите „и водат евиденција за склучени договори или протоколи за соработка помеѓу установите и работодавачите“ треба да се бришат зошто се содржани во точка 3).

Член 74, став 1, точка 9) гласи:

„Центарот ги врши следните работи:
9) дава препораки за развој на секторите на квалификациите;“

Забелешка: Да се прецизира какви препораки дава за развој на секторите на квалификации.

Член 74, став 1, точка 25) гласи:

„Центарот ги врши следните работи:
25) реализира обука на обучувачи за ментори кај работодавач и врши нивна сертификација;“

Забелешка: По точка 25), да се додаде нова точка 26) која да гласи:
„26) Реализира обуки за координатори за практично образование кај работодавач“. Точката 26 станува 27, и последователно останатите точки се менуваат за еден број повеќе.

Член 91, став (1), точка 3) и точка 4), гласат:

„(1) Глоба во износ од 100 до 150 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на работодавачот, ако:
3) не обезбеди надоместок за ученикот во согласност со условите пропишани со договорот (член 25 од овој Закон) односно за дуалното образование согласно со член 23 од овој Закон;

4) не обезбеди здравствени прегледи за учениците кои реализираат практично образование, посебно за специфични квалификации (член 22 став (2) точка 5 од овој Закон);"

Забелешка: Наведеното во точките 3) и 4) треба да се пропише во договорот и не треба да биде обврска на работодавачот за чие непочитување се изрекува глоба.

Член 91, став (7), точка 2) и точка 3), гласат:

„(7) Глоба во износ од 100 до 150 евра ќе и се изрече на комора, ако:
2) води Регистар за верификација на работодавачите за практично образование спротивно на член 29 став (5) и (6) од овој Закон;
3) список на верификувани работодавачи не го објави на својата интернет страници член 29 став (8) од овој Закон;"

Забелешка: Наведените точки треба да се појаснат, што значи список, а што регистар.

*

*　　　*

Сметаме дека изнесените предлози ќе бидат земени предвид и заеднички ќе работиме во насока на подобрување текстот на Предлог Законот за стручно образование и обука со цел обезбедување функционално стручно образование и обука, усогласување на побарувачката и понудата на пазарот на труд и обезбедување вештини и компетенции за младите за нивна полесна транзиција од училишната средина кон пазарот на труд и побрза вработливост.

Со почит,

в.д. Извршен директор,
Билјана Пеева-Ѓуриќ

Изготвил: м-р Наташа Јаневска, самостоен советник
Проверил/Одобрил: Љупка Самарџиска, виш советник